**07 септември (понеделник)**
**21:00 ч.**
Супкултурен центар SHORTBUS

**Промоција на романот *Лето во кое те нема* од Петар Андоновски**

*Лето во кое те нема* е роман за внатрешните борби, за отуѓеноста меѓу партнерите, за истрајноста во барањето на вистината. Но, и роман за семејството и провинцијата.
Раскажан во прво лице, романот нѐ воведува во љубовниот триаголник меѓу тројца поранешни пријатели. Протагонистите, обидувајќи се да се ослободат од товарот на минатото, сфаќаат дека тоа е возможно само доколку се соочат со него.
Лето во кое те нема е отпор насочен кон лажниот морал и лагите што секојдневно ни се сервираат како неприкосновени вистини.

**Петар Андоновски** (1987, Куманово) автор е на книгите: *Ментален простор* (поезија, 2008), *Очи со боја на чевли* (роман, 2013), *Телото во кое треба да се живее* (роман, 2015), *Страв од варвари* (роман, 2018), *Лето во кое те нема* (роман, 2020).
Добитник е на наградите Роман на годината на Утрински весник за романот *Телото во кое треба да се живее* и Европската награда за литература за романот *Страв од варвари*.